*Преводот на заклучните согледувања е обезбеден од страна на Здружението ЕСЕ*

# Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

Дистрибуција: генерална
1 март 2013

Оригинал: англиски

**НАПРЕДНА НЕРЕДАКТИРАНА ВЕРЗИЈА**

## Заклучни согледувања од комбинираниот четврти и петти периодичен извештај за поранешна Југословенска Република Македонија усвоени од Комитетот на педесет и четвртата седница (11 февруари – 1 март 2013)

1. Комитетот го разгледа комбинираниот четврти и петти периодичен извештај за поранешна Југословенска Република Македонија (CEDAW/C/MKD/4-5) на својата 1115-та и 1116-та средба на 21 февруари 2013. Листата на прашања и одговори на Комитетот се содржани во CEDAW/C/MKD/Q/4-5 и одговорите на Владата на поранешна Југословенска Република Македонија се содржани во CEDAW/C/MKD/Q/4-5/Add.1.

### А. Вовед

2. Комитетот ја изразува својата благодарност на државата членка за комбинираниот четврти и петти извештај кој беше навремено доставен и кој генерално ги има следено насоките на Комитетот за подготовка на извештаи. Комитетот ја изразува својата благодарност на државата членка за писмените одговори од листата со проблеми и прашања кои ги има поставено работната група на Комитетот пред одржувањето на седницата, и одговорите на прашањата кои усно се поставени од страна на Комитетот. Меѓутоа, Комитетот жали што извештајот не содржи податоци кои се распределени според пол и квалитативни податоци за состојбата со жените во одреден број на области кои се опфатени со Конвенцијата, особено за жените кои припаѓаат на обесправените групи.

3. Комитетот ја изразува благодарноста на државата членка за нејзината делегација, која беше предводена од г-дин Ибрахим Ибрахими, заменик министер за труд и социјална политика, која исто така имаше и претставници од разни министерства и одделенија. Комитетот е благодарен за

дијалогот кој се одвиваше помеѓу делегацијата и членовите на Комитетот, иако жали што некои прашања не беа одговорени.

## Б. Позитивни аспекти

4. Од последното разгледување на извештајот, Комитетот го поздравува усвојувањето на законските мерки кои имаат за цел елиминација на дискриминацијата врз жените, вклучително:

(а) Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010, кој вклучува дефиниција за дискриминација, и ја опфаќа и дискриминацијата на основ на пол, а ја поставува и законската рамка за справување со дискриминацијата;
(б) Законот за еднакви можности на мажите и жените од 2012 со кој се заменува Законот за еднакви можности на мажите и жените од 2006 и ја содржи истата дефиниција за дискриминација која е содржана во претходно спомenатиот закон, и се дава појаснување за одговорностите на сите јавни чинители да даваат извештаи и ги обврзува властите да усвојат стратешки планови и буџети кои даваат одговор на родовите прашања;
(в) Амандманите од 2009 на Законот за правобранител, со кој од правобранителот се бара да воспостави одделение за заштита на граѓаните од дискриминација;
(г) Амандманите од 2012 на Законот за работни односи со кои се забранува дискриминација врз жените во текот на бременост, мајчинство и родителство независно од типот или времетраењето на работата;
(д) Амандмани од 2006 на Законот за избор на пратеници, според кој 30 проценти од кандидатите за пратеници мора да бидат жени; и
(ѓ) Законот за бесплатна правна помош од 2010 со кој на жените без финансиски ресурси им се помага да добијат пристап до правда.

5. Комитетот го поздравува усвојувањето на следните политики:

(а) Национална стратегија за родова еднаквост (2012-2020) и Национален акциски план за родова еднаквост (2013-2016),
(б) Национална стратегија за воведување на родово буџетирање (2012-2017),
(в) Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015),
(г) Национален акциски план за унапредување на состојбата на жените Ромки (2008), и
(д) Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и незаконски мигранти (2009-2013).

6. Комитетот, исто така го поздравува фактот дека во периодот од разгледувањето на последниот извештај, државата членка ги има ратификувано или има пристапено кон следните меѓународни и регионални инструменти:

(а) Оперативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето за процедурата за соопштување, во 2012;
(б) Меѓународна конвенција за трудот Бр. 183 за заштита на мајчинството (2012), Бр. 177 за домашна работа и бр. 187 за промотивната рамка за Конвенцијата за безбедност и здравје на работното место, двете во 2011;
(в) Конвенција за правата на лицата со попреченост и оперативниот протокол, двете од 2011;
(г) Факултативен протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечко и деградирачко постапување и казнување, во 2009;
(д) Меѓународна конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување, во 2009.
(ѓ) Европска конвенција за постапување во борбата против трговија со луѓе, во 2009.

## B. Главни области на загриженост и препораки

### Парламент

7. Потврдувајќи дека владата ја има примарната одговорност и е особено одговорна за целосната имплементација на обврските на државата членка од Конвенцијата, Комитетот истакнува дека Конвенцијата е обврзувачка за сите нивоа на власт, и ја повикува државата членка да го охрабри парламентот, согласно на постапките, онаму каде тоа е соодветно, да ги преземе неопходните чекори во однос на имплементацијата на овие завршни согледувања и за следниот процес на известување од страна на владата согласно на Конвенцијата.

### Видливост на Конвенцијата, Факултативниот протокол и општите препораки на Комитетот

8. Комитетот, со загриженост забележува дека иако Конвенцијата претставува интегрален дел и има предност пред домашниот закон на државата членка според член 118 од Уставот, сепак во законската пракса не е обезбедена доволна видливост и не се користи како законска основа за мерки, вклучително и закони и мерки за политики за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и унапредување на родовата еднаквост во државата членка. Покрај тоа, Комитетот е загрижен дека на Конвенцијата не ѝ е зададена централна важност како законски обврзувачки инструмент за човекови права и основа за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и унапредување на жените. И покрај пофалбата за обуката спроведена за судии и јавни обвинители за Конвенцијата и нејзиниот факултативен протокол, Комитетот исто така забележува дека до сега немало директно повикување или примена на конвенцијата во судските постапки, што укажува на недостиг на свесност кај жените и кај судството и правниците за правата на жените според Конвенцијата и нејзиниот факултативен протокол и општите препораки на Комитетот.

**9. Комитетот на државата членка ѝ ги дава следните препораки:**

**(а) Да обезбеди дека Конвенцијата, како законски обврзувачки инструмент, е доволно позната и применувана од страна на властите и судството како основа за законите, политиките и судските одлуки;**
**(б) Да се продолжи со подигнувањето на свеста кај жените за нивните права според Конвенцијата и за постапките за соопштување и истрага кои се обезбедени со факултативниот Протокол; и**
**(в) Да обезбеди дека Конвенцијата, и факултативниот протокол кон неа, општите препораки на Комитетот, неговите ставови за поединечни соопштувања и истраги, и релевантните домашни закони се станати составен дел од систематските обуки за адвокати, судии, обвинители, полиција и други претставници на органите на прогонот во поглед на нивно оспособување да ја применуваат конвенцијата, како и да ги толкуваат одредбите од националните закони согласно на одредбите на конвенцијата.**

### Дефиниција за нееднаквост и законска рамка за еднаквост

10. Иако се истакнува дека дискриминацијата заснована на пол е забранета со член 9 од Конвенцијата, во Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 и во Законот за еднакви можности на мажите и жените од 2012, Комитетот е загрижен дека има пропустот на државата членка експлицитно да ја забрани дискриминацијата на основ на сексуална ориентација и родов идентитет следејќи го даденото ветување на последниот универзален периодичен преглед во 2009 дека ќе го направи тоа. (A/HRC/12/15, параграф 46).

11. **Комитетот ја повикува државата членка да ги измени националните закони за родова еднаквост и спречување и заштита од дискриминација за да се обезбеди експлицитна забрана на сите форми на дискриминација врз жените, во сите области кои се опфатени со Конвенцијата, согласно на даденото ветување на универзалниот периодичен преглед во 2009 дека ќе го направи тоа.**

**Законски механизми за приговори**

12. Иако се истакнува назначувањето на правниот застапник во рамки на Министерството за труд и социјална политика, воспоставувањето на Комисијата за заштита од дискриминација и Одделението за заштита на граѓаните од дискриминација во рамки на Правобранителот, Комитетот е загрижен заради недостигот на видливост, транспарентност и пристапност до овие механизми, преклопување на мандатите на овие институции, како и малиот број на приговори за дискриминација заснована на пол кои се примени од нивна страна и поднесени до судовите на државата членка. Комитетот е исто така загрижен дека институцијата правобранител не е целосно усогласена со начелата кои се однесуваат на начелата за статусот на националните институции за човекови права (Париски начела, Резолуција на Генералното собрание 48/134).

13. **Комитетот ја поттикнува државата членка да ги зајакне своите законски механизми за приговори за да се обезбеди дека сите жени имаат ефективен пристап до правдата, а на државата членка ѝ се препорачува:**

**(а) Да преземе мерки за подобрување на видливоста, пристапноста и транспарентноста на правниот застапник , Комисијата за заштита од дискриминација и институцијата Правобранител;**
**(б) Понатамошно зајакнување на институцијата Правобранител во поглед на целосна усогласеност со париските начела и проширување на активностите за дискриминација на основ на пол и род;**
**(в) Да преземе мерки за зголемување на степенот на свесност кај жените за нивните права и за функциите на постоечките механизми за приговори така што тие ќе можат подобро да бараат надомест во случаите на дискриминација базирана на пол и род; и**
**(г) Да обезбеди законска помош така што жените, особено оние жени кои припаѓаат на ранливите групи, можат да ги бараат своите права.**

**Национална машинерија за унапредување на жените**

14. Иако се признава воспоставувањето на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, владиниот координатор и меѓусекторската советодавна група, Комитетот го истакнува недостигот на видливост, овластување за одлучување и координација на државните институции што укажува дека мал приоритет се дава на принципот на родова еднаквост во државата членка.

15. **Комитетот препорачува дека државата членка треба понатаму да ја зајакнува националната машинерија преку зголемување на видливоста и координацијата помеѓу државните институции; обезбедување на соодветни овластувања за носење одлуки на државните институции; тие да станат поефективни преку зголемување на достапноста и употребата на податоци распределени според полот и преку зајакнување на капацитетот за следење на примената и спроведувањето на законите и мерките од политиките во областа на родовата еднаквост.**

**Национална стратегија за родова еднаквост 2013-2020**

16. Иако се истакнува неодамнешното усвојување на Националната стратегија за родова еднаквост за периодот 2013-2020, Комитетот жали што има недостиг на обезбедени информации за содржината и резултатите кои треба да се постигнат и постапките кои треба да се следат за имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките. Комитетот, исто така е загрижен заради недостигот на соодветни национални ресурси кои се распределени за стратегиите и акциските планови на државата членка, кои имаат за цел да се елиминираат сите форми на дискриминација врз жените, особено врз жените кои припаѓаат на етничките малцинства, вклучително и жените Албанки и Ромки.

17. **Комитетот ја повикува државата членка да ја вклучи имплементацијата на овие завршни препораки во своите годишни стратегии и извештаи, да распредели соодветни човечки и финансиски ресурси за сите национални стратегии и акциски планови за унапредување на жените, обезбедување на нивна ефективна имплементација, како мониторинг и редовно оценување на процесот.**

**Привремени специјални мерки**

18. Иако се забележува дека некои привремени специјални мерки се преземени за да се поттикне учеството на жените во политичкиот живот, Комитетот е загрижен заради употребата на различна терминологија кога се упатува на привремените специјални мерки во Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 на државата членка, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности за жени мажи од 2012, што укажува на недостиг на доследна примена на член 4(1) од Конвенцијата за привремени специјални мерки и дека тие мерки не се применуваат во сите области кои се опфатени со Конвенцијата за да се забрза постигнувањето на de facto еднаквост меѓу жените и мажите.

19. **Комитетот ја охрабрува државата членка да усвои привремени специјални мерки, согласно на член 4 (1) од Конвенцијата, како што се толкувани во Општата препорака Бр. 25 (1992) на Комитетот, за сите области кои се опфатени со Конвенцијата, вклучително и за жените од етничките малцинства кои се недоволно застапени или обесправени, да обезбеди дека адекватни ресурси се распределени за тие мерки и дека релевантните државни институции ги координираат тие мерки помеѓу себе и ги оценуваат и објавуваат анализите за родовото влијание на тие мерки, а наодите ги ставаат на располагање на јавноста.**

**Стереотипи**

20. Комитетот е загрижен заради постоењето на стереотипи кои се однесуваат на улогите и одговорностите на жените и мажите во семејството и општеството, со кои се пренагласува традиционалната улога на жените како мајки и сопруги, а со тоа се поткопува социјалниот статус на жените и нивната образовна и професионална кариера. Комитетот со загриженост истакнува дека медиумите постојано прикажуваат стереотипни и понекогаш деградирачки прикази за жените и дека не постои доволно преглед на таквото претставување.

21. **Комитетот ја повикува државата членка да:**

**(а) Ги зајакнува понатаму своите заложби за воспоставување на сеопфатна политика со проактивни и одржливи мерки, кои се наменети за жените, мажите, момчињата и девојчињата за да се надминат стереотипните ставови за улогите и одговорностите на жените и мажите во семејството и општеството; и**

**(б) Ги преземе сите соодветни мерки за подигнување на свеста на медиумите за неопходноста да се елиминираат родовите стереотипи преку промовирање на позитивен имиџ за жените кои**

**активно учествуваат во социјалниот, економскиот и политичкиот живот и да ги охрабри медиумите да воведат ефективен само-регулаторен механизам за справување со деградирачкото претставување на жените во медиумите.**

**Насилство врз жените**

22. Иако се истакнуваат амандманите на државата членка на Законот за семејство од 2008 со кои се проширува дефиницијата за жртва на семејно насилство, Комитетот останува загрижен дека со овој закон не се штитат сите жртви на насилство, дека семејното насилство останува криминализирано само како отежнителна околност и дека отсуствува специфичен и сеопфатен закон кој ги опфаќа сите форми на насилство врз жените, особено семејното, сексуалното и психолошкото насилство. Покрај тоа, иако се поздравува усвојувањето на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 и Националното координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство, Комитетот ја изразува својата загриженост заради зголемената појава на сите форми на насилство кои не се пријавуваат, особено психолошкото, физичкото и сексуалното насилство врз жените и девојчињата; лимитираната примена на наредби за ограничување; ограничен број на прифатилиштата кои ги води државата и недостиг на податоци за насилството врз жените.

23. **Потсетувајќи на својата Општа препорака бр. 19 (1992) за насилство врз жените, Комитетот ја поттикнува државата членка да:**

**(а) Ги зајакне постоечкиот Кривичен законик и Закон за семејство или да усвои сеопфатен закон кој ќе ги опфати сите форми на насилство врз жените, вклучително и семејното и сексуалното насилство, и да обезбеди дека сите жени и девојки кои се жртви на насилство се заштитени со тие закони и имаат пристап до моментални начини за обесштетување и заштита и понатамошно обезбедување дека сторителите се кривично гонети и казнети;**
**(б) Ја подигнува јавната свест, преку медиумите и образовни програми и да обезбеди задолжителни обуки за судиите, обвинителите, адвокатите, полициските службеници, давателите на здравствени услуги, социјалните служби и наставниот кадар за да се обезбеди дека тие се сензитивизирани за сите форми на насилство врз жените и девојчињата и можат да употребат адекватна родово сензитивна поддршка за жртвите;**
**(в) Ги охрабруваат жените да ги пријавуваат случаите на семејно и сексуално насилство преку подигнување на свеста за кривичната природа на таквите дела и да се обезбедува адекватна помош и заштита на жените кои се жртви на насилство, вклучително на жените Ромки и жените од други етнички малцинства;**
**(г) Го зголеми бројот и финансирањето за прифатилиштата и да гарантира покриеност на национално ниво, вклучително за жените од етничките малцинства и жените од други обесправени групи кои се засегнати од насилството;**
**(д) Го зајакне системот за прибирање на податоци за да се обезбеди дека тие се распределени според типот на насилство и според односот помеѓу сторителот и жртвата, да се поддржи истражувањето во оваа област и да се обезбеди дека информациите и прибраните податоци се достапни за јавноста; и**
**(ѓ) По брза постапка да ја ратификува Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените (2011) на Советот на Европа и да воведе кривични санкции за непостапување согласно на наредбите за ограничување.**

**Трговија со луѓе и експлоатација со проституција**

24. Иако се истакнува преземањето на законски и институционални мерки и мерки за политики во борбата против трговијата со луѓе, вклучително и усвојувањето на Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и незаконски мигранти (2009-2013) и Националниот механизам за упатување, Комитетот останува загрижен за:

(а) Недостигот на видливост и координација на релевантните институционални механизми;
(б) Големиот број на девојчиња кои се жртви на трговија со луѓе за нивна сексуална експлоатација;
(в) Недостиг на превентивни мерки за справување со основните причини за трговија со луѓе, особено во однос на жените Ромки, и
(г) Недостиг на информации за програми за ресоцијализација.

25. Покрај тоа, иако се забележува дека проституцијата е прекршок во државата членка само за лицата вклучени во проституција, Комитетот жали што отсуствуваат информации за застапеноста на проституцијата и е загрижен заради недостигот на заложби за спречување на експлоатацијата со проституција и справување со основните причини за тоа, и недостигот на заштита, здравствени услуги, програми за излез и реинтеграција за жртвите на оваа форма на експлоатација.

26. **Комитетот препорачува државата членка:**

**(а) Ефективно да ја спроведе Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе преку зајакнување на видливоста и соработката помеѓу релевантните институционални механизми, следење на националниот механизам за упатување за жртвите на трговија со луѓе и преку обезбедување на финансии за активностите за борба против трговијата со луѓе од страна на релевантните национални институции и невладини организации;**
**(б) Да се справи со основните причини за трговија со луѓе и експлоатација на жени и девојчиња преку зголемување на заложбите за спречување на трговијата со сите жени и девојчиња, вклучително и ромските жени и девојчиња; и**
**(в) Да се следи сеопфатен пристап во справувањето со експлоатацијата со проституција, вклучително преку развивање на стратегии и спроведување на програми за поддршка и рехабилитација за жените кои сакаат да ја напуштат проституцијата, и да се осигура истрага, кривично гонење и казнување на оние кои вршат експлоатација со проституција.**

**Учество во политичкиот и јавниот живот**

27. Иако се забележува голем процент на жени пратенички во парламентот на државата членка (34%), Комитетот останува загрижен дека жените, вклучително и жените од етничките малцинства, и понатаму се недоволно застапени на министерските позиции, на високи позиции во дипломатската служба, на општинско ниво и на градоначалнички позиции. Комитетот, исто така е загрижен заради недостигот на привремени специјални мерки или други проактивни или одржливи мерки кои се преземени за да се унапреди или забрза зголемувањето на таквата застапеност и преку систематски пречки како што се негативни родови стереотипи со кои се спречува еднаквото учество на жените во политичкиот живот.

28. **Комитетот ја охрабрува државата членка да го забрза целосното и еднаквото учество на жените во политичкиот и јавниот живот и да го зголеми бројот на жени на одлучувачки позиции, вклучително и преку усвојување на привремени специјални мерки. Исто така, на државата членка ѝ препорачува да создаде поволна средина за политичко учество на жените, вклучително на ромските и албанските жени, како и да го охрабри нивното учество преку образовни и**

**информативни програми кои имаат за цел да се промени родовата перцепција за улогата на жената во политичкиот живот.**

**Образование**

29. Иако се истакнува воведувањето на задолжително средно образование во 2007, Комитетот е загрижен заради недостигот на доволно распределени податоци според пол и етничка припадност, кои ќе овозможат споредба на образовните достигнувања на девојчињата од разни етнички заедници. Комитетот ја повторува својата загриженост, која беше изразена во претходните Заклучни забелешки (/C/MKD/CO/3 para. 27), за стапката на осипување на ромските девојчиња и жени. Исто така, се забележува малиот број на ромски девојчиња во високото образование и недостигот од преземени мерки за да се обезбеди нивни пристап до образование. Комитетот и понатаму е загрижен заради наодите на институцијата Правобранител дека постои диспропорционално голем број на ромски деца, вклучително и девојчиња, во училиштата за деца со посебни потреби.

30. **Комитетот ја поттикнува државата да го зајакне усогласеното постапување со член 10 од Конвенцијата и да ја подигне свеста за важноста на образованието како човеково право и како основа за зајакнување на жените. За таа цел, државата членка ја поттикнува да:**

**(а) Обезбеди компаративни податоци распределени според пол и етничка припадност за стапката на запишани деца во училиште, посетувањето на училиште и осипувањето од училиште.**
**(б) Справување со пречките за образование за сите жени и девојчиња, како што се негативните културолошки ставови и прекумерните домашни обврски, да се преземат чекори за намалување и спречување на осипувањето на девојчињата и зајакнување на имплементацијата на политиките за повторно враќање на училиште за девојчињата кои се осипале; и**
**(в) Истрага и моментално постапување по препораките од Правобранителот кои повикуваат на регулирање и преглед на наодите кои ги имаат направено институциите кои се овластени да го одредат степенот на попреченост кај децата и нивните посебни потреби, вклучително и на ромските девојчиња.**

**Вработување**

31. Иако се истакнуваат субвенционираните програми за вработување, обука и претприемништво кои им се достапни на некои жени, Комитетот е загрижен заради продолжената вертикална и хоризонтална професионална сегрегација и преголема застапеност на жените на ниско платените работни места; недостиг на имплементација на начелото за еднаква плата за работа со еднаква вредност и продолжениот јаз во платите помеѓу мажите и жените; диспропорционално високата стапка на невработени жени и исклученоста на ромските жени и жените со попреченост од формалниот пазар на работна сила. Комитетот е понатаму загрижен дека недостигот на политики кои ги стимулираат женските економски активности, установи за згрижување на деца, и промени во Законот за работни односи во однос на породилното отсуство ги приморуваат жените да имаат работа со пола работно време и малку платена работа со што се засилува нееднаквата поделба на семејните одговорности помеѓу жените и мажите. Покрај тоа, Комитетот жали што нема информации за сексуалното вознемирување на работното место.

32. **Комитетот препорачува државата членка:**

**(а) Да ги зајакне заложбите за елиминирање на професионалната сегрегација, и хоризонтална и вертикална, и да усвои мерки за имплементација на начелото за еднаква плата за работа со еднаква вредност и да го намали и затвори јазот за платите помеѓу мажите и жените преку**

**примена на планови за евалуација на работното место во јавниот сектор поврзани со зголемување на платите во секторите во кои доминираат жени;**
**(б) Зголемување на пристапот на жените, вклучително на ромските жени и жените кои припаѓаат на други обесправени групи до формално вработување и претприемништво како и подобрување на нивните можности за усогласување на работниот живот со семејните обврски; и**
**(в) Прибирање на податоци распределени според пол за состојбата со мажите и жените на пазарот на работна сила и за бројот и исходот на трудовите инспекции, судски случаи и административни приговори кои се однесуваат на трудовата дискриминација базирана на пол и сексуално вознемирување на работното место.**

**Здравје**

33. Иако се истакнува усвојувањето на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје 2010-2020 и ниската стапка на морталитет кај мајките, Комисијата останува загрижена за високата стапка на абортуси и за ниската употреба, расположливост и достапност на модерни форми на контрацепција, што укажува дека абортусот продолжува да се користи како метод за контрола на раѓањата. Комитетот, исто така е загрижен за финансиските, културолошките и физичките пречки за гинеколошки услуги, со кои се соочуваат Ромите и жените од руралните средини. Комитетот е исто така загрижен заради недостигот на образовни програми за сексуалното и репродуктивното здравје и права во училиштата, недостигот на родова перспектива во националната политика за ХИВ и другите здравствени политики, и недостигот на податоци распределени според пол. Покрај тоа, Комитетот жали заради недостигот на информации за здравствени и рехабилитациски услуги кои им се на располагање на жените и девојчињата кои се корисници на дрога.

34. **Комитетот ја поттикнува државата членка:**

**(а) Да ги преземе сите неопходни мерки за да се подобри пристапот на жените до квалитетна здравствена заштита и здравствени услуги, во рамки на Општата препорака Бр. 24 (1999) на Комитетот;**
**(б) Да се подигне свеста, преку јавни образовни кампањи, образование за сексуално и репродуктивно здравје во училиштата и зајакнати советодавни служби, за важноста на употребата на средства за контрацепција за планирање на семејството и зголемување на заложбите за обезбедување на адекватни услуги за планирање на семејството и достапни средства за контрацепција; и**
**(в) Да се интегрира родовата перспектива во сите здравствени итнервенции и политики како и прибирање и анализа на податоци распределени според полот.**

**Рурални жени**

35. Комитетот продолжува да биде загрижен за обесправената положба на жените во руралните области, кои имаат ограничен пристап до здравствени и социјални услуги, учество во процесите на носење одлуки на ниво на заедница, до образование и до формалниот пазар на труд, покрај препораките на Комитетот во претходните заклучни забелешки (CEDAW/C/MKD/CO/3, para 28) за спроведување на ефективни мерки за елиминација на дискриминацијата врз руралните жени преку сите расположливи начини, вклучително и привремени специјални мерки, во согласност со член 4, параграф 1 од Конвенцијата и Општата препорака Бр. 25 (1992) на Комитетот. Комитетот и понатаму е загрижен заради ниската процентуална застапеност на руралните жени кои поседуваат сопствено земјиште и кои имаат пристап до микрокредитни линии.

36. **Комитетот препорачува на државата членка:**

**(а) Да преземе моментални чекори за спроведување на ефективни мерки за елиминација на дискриминацијата врз руралните жени за сите области кои се опфатени со Конвенцијата и да се зголеми нивното уживање на човековите права преку сите расположливи начини, вклучително и преку привремени специјални мерки во согласност со член 4, параграф 1 од Конвенцијата и Општата препорака на Комитетот бр. 25 (1992);**
**(б) Да се интензивираат заложбите за економско и политичко зајакнување на жените во руралните области, вклучително и преку преглед на причините за малиот процент на жени кои поседуваат сопствено земјиште и имаат пристап до кредитни линии; и**
**(в) Во својот следен периодичен извештај да вклучи информации за пристапот на руралните жени до образование, социјални и здравствени услуги, како и до формалниот пазар на труд.**

**Обесправени групи на жени**

37. Иако се истакнува усвојувањето на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, Националните акциски планови за унапредување на положбата на ромските жени и сродната стратегија која е усвоена од страна на државата членка (2008-2010, 2011-2013), Комитетот е загрижен заради недостигот на соодветни финансиски ресурси кои се распределуваат за имплементација и евалуација на овие мерки, како и заради континуираната маргинализација на ромските жени и вкрстените форми на дискриминација со кои тие се соочуваат, особено во однос на пристапот до образование, вработување, адекватно домување и здравствена заштита, документи за лична идентификација, заштита од насилство и пристап до правда. Комитетот понатаму забележува дека има ограничени информации и расположливи податоци за други обесправени групи на жени како што се Албанки, вдовици, постари жени и жени со попреченост. Комитетот е загрижен заради маргинализацијата на тие жени и нивната ранливост на вкрстени форми на дискриминација и е загрижен заради недостигот на информации за примена на привремени специјални мерки за подобрување на нивната состојба. Покрај тоа, Комитетот е загрижен заради недостигот на родово сензитивен пристап во постапките за азил и бегалци.

38. **Комитетот ја повикува државата членка да:**

**(а) Да ги имплементира и брзо да распредели финансиски ресурси за националните акциски планови и стратегии кои имаат за цел да се елиминираат сите форми на дискриминација врз жените Ромки;**
**(б) Да собере и во следниот извештај да обезбеди сеопфатни статистички податоци кои се распределени по пол за состојбата на обесправените групи на жени, вклучително и ромските и албанските жени за сите области кои се опфатени со Конвенцијата, како и информации за конкретни програми;**
**(в) Да преземе ефективни мерки, вклучително и привремени специјални мерки, во поглед на забрзување на реализацијата на суштинска еднаквост за секоја група на обесправени жени; и**
**(г) Да го интегрира родово-сензитивниот пристап во сите постапки за азил и бегалци, вклучително и во фазата на пријавување.**

**Брак и семејни односи**

39. Комитетот е загрижен заради застапеноста на праксата за договорени и рани бракови во ромските и албанските заедници, недостигот на воспоставени конкретни мерки за спречување на ваквата дискриминаторска практика, недостигот на статистички податоци и информации за оваа појава и заради недостигот на мерки кои државата членка ги има преземено за да се обезбеди дека сите бракови се регистрирани.

40. **Комитетот ја поттикнува државата членка да ги зајакне заложбите за подигнување на свеста кај ромските и албанските заедници за забраната за малолетнички бракови, како и за штетните последици по здравјето и образованието на девојчињата, и да спроведува ефективни истраги и кривично гонење за случаите на присилен и ран брак. Комитетот, исто така ја повикува државата членка да усвои мерки за регистрирање на сите бракови, вклучително за оние бракови кои се склучуваат во ромските и албанските заедници.**

**Амандман на член 20, став 1 од Конвенцијата**

41. **Комитетот ја охрабрува државата членка да го прифати, без оддолжување, амандманот на член 20, став 1 од Конвенцијата во однос на времето на средба на Комитетот.**

**Пекиншка декларација и платформа за акција**

42. **Комитетот ја повикува државата членка да ја применува Пекиншката декларација и Платформата за акција, во своите заложби да ги имплементира одредбите од Конвенцијата.**

**Милениумски развојни цели**

43. **Комитетот повикува на интегрирање на родовата перспектива согласно на одредбите на Конвенцијата во сите заложби кои имаат за цел да се постигнат Милениумските развојни цели.**

**Дисеминација и имплементација**

44. **Комитетот потсетува на обврската на државата членка да врши систематска и континуирана имплементација на одредбите од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените. Државата членка се поттикнува да даде приоритет на вниманието кое ќе го посвети на имплементацијата на овие Заклучни забелешки и препораки во периодот од сега до поднесувањето на следниот периодичен извештај. Оттаму, Комитетот бара да се изврши навремена дисеминација на завршните забелешки, на службениот јазик(-ици) на државата членка, до релевантните државни институции на сите нивоа (национално, регионално, локално), особено до Владата, министерствата, парламентот/националниот конгрес/собранието и до судството за да се овозможи нивна целосна имплементација. Државата членка се охрабрува да соработува со сите засегнати чинители, како што се асоцијации на работодавачи, синдикати, организации за човекови права и женски организации, универзитети и истражувачки институции, медиуми, итн. Се препорачува дека Заклучни согледувања треба да бидат дистрибуирани и имплементирани во соодветна форма на локално ниво на заедница, за да се овозможи нивна имплементација. Покрај тоа, Комитетот бара од државата членка да продолжи со дистрибуција и имплементација на Конвенцијата CEDAW, факултативниот протокол и јуриспруденција, и Општите препораки на Комитетот до сите чинители.**

**Ратификација на други договори**

45. **Комитетот истакнува дека придржувањето на државата членка до деветте главни меѓународни инструменти за човекови права1 ќе го зајакне уживањето на човековите права од страна на жените и основните слободи во сите аспекти од животот. Оттаму, Комитетот ја охрабрува државата членка да го разгледа ратификувањето на други договори кон кои сè уште нема пристапено, т.е. Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници мигранти и членови на нивните семејства.**

**Последователни завршни забелешки**

46. **Комитетот бара од државата членка во рок од две години да обезбеди писмени информации за чекорите кои се преземени за да се спроведат препораките кои се содржани во параграфите 23 (а), (д) и 30 (в) погоре.**

**Подготовка на следниот извештај**

47. **Комитетот ја повикува државата членка да го поднесе 6-от периодичен извештај во март 2017.**

48. **Комитетот бара од државата членка да ги следи "Усогласените упатства за известување според меѓународните договори за човекови права, вклучително и упатствата за заедничкиот основен документ и документи од конкретни договори" (HRI/MC/2006/3 и Corr.1).**